ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“

Скопје, јули 2025 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) Советот на Град Скопје на ____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, склучен помеѓу Министерство за финансии (заверен под број 15-5661/1 од 17.06.2021 година), Министерство за животна средина и просторно планирање (заверен под број 02-3026/1 од 04.06.2021 година), Град Скопје (заверен под број 08-5569/1 од 03.06.2021 година) и Јавно Претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје (заверен под број 0307-5074/1 од 31.05.2021 година).

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да го потпише Анексот бр.1 од членот 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-___________
__.__.2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предложената одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа, каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуки.

Во декември 2019 година е донесен Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19), за што е склучен договор за заем помеѓу Република Северна Македонија и банката. Со договорот се обезбедуваат грант средства од Иницијативата за економска отпорност. Последователно, согласно член 6 од Законот, склучен е Договор за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“ помеѓу Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Град Скопје и ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Европската инвестициона банка на 13.09.2023 година доставила допис до Министерството за финансии со кој известуваат дека грантот од Иницијативата за економска отпорност го откажуваат. Во меѓувреме, доделен е инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ). Врз таа основа, Република Северна Македонија на 22.03.2023 година склучила нов договор за грант со Европската инвестицона банка и Амандман бр. 1 на Договорот за грант на 03.04.2024 година.

Дополнително, на барање на банката изготвен е текст на Амандман бр. 2 на Договорот за грант, кој се очекува да се склучи во скоро време. по што ќе може да се повлекуваат средствата од новиот фонд за Западен Балкан.

Од таа причина, се јавува потребата за склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“ помеѓу Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Град Скопје и ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Со Анексот бр. 1 се  предвидува изменување на одредбите од Договорот за имплементација кои се однесуваат на повлекувањето на средствата, односно наместо од Иницијативата за економска отпорност, средствата за проектот ќе се повлекуваат од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан.

Текстот на Анексот бр. 1 е усогласен помеѓу страните потписнички и потребно е да биде потпишан со цел непречена реализација на проектот.

Имајќи предвид дека во точка 4 од Договорот за имплементација се предвидени финансиски импликации за Град Скопје и за ЈП Водовод и канализација-Скопје, во смисла на обезбедување на средства за финансирање во случај вкупната цена на проектот да ја надмине проценетата цена, за да се овозможи проектот да заврши согласно техничкиот опис и трансакциските документи, потребно е Советот на Град Скопје да даде согласност за склучување на Анексот бр. 1, како надлежен орган кој одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината, согласно член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа, а со цел продолжување на имплементацијата на проектот.

Врз основа на наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање согласност за склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот за имплементација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“.